# СОВРЕМЕНА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ НА БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ „СКОПЈЕ“ – СКОПЈЕ
М А Ј 1980

Организација:
ДРУШТВО НА ЛИКОВНИТЕ УМЕТНИЦИ НА Б и Х
КУЛТУРНО ПРОСВЕТНА ЗАЕДНИЦА НА Б и Х
МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ ,,СКОПЈЕ'' – СКОПЈЕ

Печатено во графичкиот завод ,,Гоце Делчев'' – Скопје, 1980
тираж: 300

## СОВРЕМЕНАТА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ НА БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

Босанско-херцеговската модерна уметност трае континуирано од првата деценија на нашиот век сè до нашите денови. Најстарата генерација на уметници студираше на академиите во Виена, Минхен, Прага, Краков и Будимпешта, а после тоа одеше на усовршување во Париз. Како и останатите јужнословенски уметници, така и босанско-херцеговските не преминуваат во тоа време на најрадикалните достигнувања на светската авангарда: определувањата се значително поумерени, а меѓу резултатите има квалитетни остварувања во доменот на пленеризмот, импресионизмот, сецесијата, односно Југенстилот, а потоа и на експресионизмот и сезанизмот. Со ослободувањето од австро-унгарската управа и влегувањето во југословенската заедница доаѓа до еден покус период на брз развиток во кој неколку авангардни уметници се наоѓаат на врвот на југословенското сликарство на своето време, постигнувајќи значајни резултати во рамките на сезанизмот, експресионизмот (како израз на вселенското и спиритуелното), па дури и во апстракцијата (експресионистичката), потоа во магичното, односно новиот реализам. Овој брз полет се прекинува околу 1923 г., кога доаѓа до криза, чии реперкусии се чувствуваат и во уметноста како нагло замирање на ликовниот живот. Босна и Херцеговина го губи статусот на посебна покраина и нејзината улога станува третостепена во новата државна заедница. Уметниците, кои сега се школуваат во Белград, Загреб и Краков, повеќе не се враќаат во татковината, туку бараат поповолни услови за своето дејствување во други, поразвиени средини. Статуацијата се менува во подобра смисла, барем што се однесува на Сараево, со основањето на Дринската бановина со центар во нашиот главен град. Прво се формира „Групата на четворицата" (1929–1930), која на својата прва изложба се претставува со дела работени во духот на конструктивистичките тенденции на третата деценија, со традиционалистички и музејски влијанија. После тоа, босанско-херцеговското сликарство го прифаќа пресвртот во четвртата деценија од форма кон боја, прифаќајќи ги актуелните насоки на поетскиот реализам, интимизмот и колористичкиот експресионизам, а посебно е изразена тенденцијата кон социјалната уметност. Уметниците сега се делат на „ангажирани" и „лар-

пурлартисти", меѓу првите особено се истакнуваат младите, проникнати со борбената идеологија на Прага, Загреб и Белград. Како последица на ваквата положба се јавува сѐ поголем развиток на ликовниот живот, а врв претставува формирањето на Колегиум артистикум (1939–1940), масовно здружување на уметници од разнородни струки, кое – потпирајќи се на прашките примери – настојува низ синтетичен театар да ја спроведе синтезата на уметностите, а да дејствува во духот на насоките на КПЈ.

Поголемиот број на уметници, собрани во Колегиумот, ќе се најдат за време на Втората светска војна на страната на НОБ и Револуцијата, а после ослободувањето ќе заземат водечки позиции во новооснованото Друштво на ликовните уметници во Босна и Херцеговина (УЛУБИХ). Во тоа време основен проблем и на теоријата и на уметничката пракса е барањето на ликовни корелати за големата тема на борбата и изградбата: уметничката личност се повлекува во заднината пред општиот колективен идеал, кој хиерархијата на квалитетите ја одредува пред сѐ во однос на хиерархијата на тематиката. Ваквата ситуација темелно се изменува во почетокот на педесеттите години, кога слободата на творештвото станува врховен принцип, а борбата за индивидуален израз, најголема грижа на уметниците.

Во повоениот период, како и во периодот помеѓу двете војни, босанско-херцеговската уметност претставува интегрален дел на југословенската уметност, поминувајќи низ редица искушенија и учествувајќи во елаборирањето на поширокata, југословенска проблематика. Дел од нашите уметници се школува уште од самиот почеток на државната школа за сликарство, односно Училиштето за применета уметност во Сараево, или пак на академиите во Белград и Загреб, а подоцна и во Љубљана. Во пресвртната шеста деценија Сараево има центрипетална моќ: тука се доселуваат уметници дури и од други средини, се создава ударно творечко јадро кое дејствува на подигнувањето на нивото на ликовната уметност и ликовната култура воопшто. Основниот проблем со кој се соочува деценијата е проблемот на апстракцијата, која ќе избувне дури кон нејзиниот крај. Всушност, процесот на апстрахирањето во почетокот се одвива поспоро, а потоа сѐ побрзо, опфаќајќи ги и опусите на авторите кои во почетокот пружаат отпор. И кога кон крајот на деценијата ќе се јавува нов бран на млади, тие веќе не мораа да се борат за прифаќање на апстракцијата, туку тргнуваа од неа како од веќе постоечка даденост. Но сепак, малку има чисти, радикални решенија: сликарите најчесто користат некои искуства на енформелот, на пример (употреба на несликарски материјали, постапки со палење, внесување на букви во сликата и тн.), но ги мешаат со други тенденции, најрадо со фантастиката. И тенденциите во лирската апстракција, особено апстрактниот пејзажизам и фантастиката, ќе продолжат и во следните две децении, не само во Сараево, туку и во центрите во внатрешноста: Мостар, Бања Лука, Тузла, Зеница и други. Најголем број уметници живее во Мостар и тие по своите определувања се најблиски до сараевскиот центар, додека бањалучаните од самиот почеток, односно од средината

на шестата деценија, кога се формира Групата на четворицата (1955–1961), се стремат да одат по сопствен пат, водејќи на свој начин битка за модерен ликовен израз. Особен придонес во босанско-херцеговската уметност ќе даде Бања Лука во седмата деценија со појавата на геометриската апстракција, која оди симултано на технолошкиот и сциентистичкиот дух на нашата епоха а се вклопува и во тогаш актуелниот оп-арт.

Меѓу новите појави во седмата деценија се истакнува поетиката, со доминанта на јазикот на знакот и симболот. Амбицијата на шестата деценија – да се црпи од сопствената почва – и која често се задоволуваше со сликање на домашниот пејзаж или ликови од народот, се збогатува сега со симболи извлечени од духовната и уметничката традиција на Босна и Херцеговина, а транспонирањето се изведува со мошне модерна постапка. Паралелно на тоа, особено во втората половина на деценијата, се јавува нова, постапстрактна фигурација, која користи некои искуства на апстрактната уметност, но ги става во служба на еден поинаков однос спрема светот. Се појавуваат и примероци на фигурацијата со елементи на поп,арт, како и оние, што му припаѓаат на модерниот експресионизам, со голем колористички и гестуален замав, кој кај нас влече корени уште од шестата деценија. Осмата деценија го донесува неоромантизмот и „обновата на сликата", а во врска со тоа и појавата на таканаречениот радикален реализам, односно „студената" фигурација, блиска донекаде до хиперреализмот. Меѓутоа, и „неоромантичарите" и „радикалните реалисти", ги применуваат искуствата на медиумот на филмот, фотографијата, телевизијата . . . , кои не им се туѓи ни на современите експресионисти. Особено е интересна појавата на апстракцијата, што не се надоврзува на поранешните босанско-херцеговски резултати во тој домен, а се одгледува особено во рамките на групата „Облик и простор", каде на особен начин се користат искуствата на историската авангарда и новите американски модели. Но, како што во седмата деценија на почвата на Босна и Херцеговина беше ретка појавата на објекти, а недостасуваа барања во доменот на кинетичката, амбиенталната и сиромашната уметност така и во осмата деценија одбележуваме отсуство на „новата уметничка пракса", а воколку со неа и се занимаваат некои уметници со босанско херцеговско потекло, тие тоа редовно го прават надвор од границите на нашата република. Општо земено, недостасуваат мултимедијални барања, наклонетоста кон традиционалните медиуми во сликарството, скулптурата, графиката и цртежот е неоспорна, но во нивните рамки одделни автори успеваат да се вивнат до степен на вистинско мајсторство, толку колку што можат да пропуштат низ филтрите на сопствената сензибилност, не поведувајќи се слепо по примерите од средини со поинакво духовно уредување и менталитет. Значи, определувањата не се вршат со сила, туку најчесто во согласност со внатрешните императиви на секој поединец. Упорно и тврдоглаво се останува во доменот на „ликовните вредности", дури и по цена на сопствената ретардација кои „актуелното" и „најновото", а наклонетоста кон занатска перфекција, особено во доменот на графиката е особено изразена.

Меѓу медиумите, на сликарството од самиот почеток му припадна првото место – и по бројот на авторите кои со него се занимаваат, и по вредноста на резултатите. Што се однесува до графиката, таа уште во австро-унгарскиот период донесе мошне зрели плодови, благодарејќи на тоа што со неа се занимаваа 2-3 наши врвни автори, а во периодот помеѓу двете војни социјално ангажираната графика достигна релативно високо ниво. Но сепак графиката на младите не израснува од оваа домашна традиција, туку од допирот со најдобрите дела на светската модерна графика, од сувереното владеење со сите графички дисциплини, а над сè од сопствената храброст да се биде тоа што си – ни помалку ни повеќе од тоа.

Првата повоена изложба на графики ја организираа учесници на едно одделение од Училиштето за применета уметност во 1955 година, но графиката, дури во седмата деценија ќе достигне таква зрелост и таков квалитет, што ќе почне да се зборува за ,,босанска школа на графика'', макарштo одделни автори примиле влијанија од Белград, Загреб и Љубљана, што понатаму творечки ги развиле и преобразиле. На самиот врв се наоѓаат десетина мошне профилирани личности, со богати опуси и различни преокупации, чија вредност ја имаат потврдено наградите на најзначајните манифестации на светската графика. Меѓутоа, вистина е дека мнозинството од нашите врвни графичари остана вон од границите на нашата република – во местата на школувањето, или во светските уметнички метрополи, а денеска на почвата на Босна и Херцеговина живеат само тројца од плеадата на афирмираните во шеесеттите години. Нараснатите потреби, а и настојувањето да се запре одливот на талентите во други средини доведе до основањето на Академијата за ликовни уметности во Сараево (1972) која успеа да ги собере некои од најзначајните уметници на Босна и Херцеговина и со таков одбран кадар да има значајно влијание во нашиот ликовен живот. Неколкумина млади, школувани во рамките на оваа институција, постепено се развиваат во профилирани личности.

Во претходните два периоди, скулптурата беше на последно место, со неколку автори на кои не им се пружија особени можности. Потребата за подигнување на споменици на НОБ ги доведе во нашата република скулпторите од другите југословенски центри, а во шестата деценија почнуваат да доаѓаат и првите домашни скулптори со академски дипломи. Во скулптурата исто така се среќаваме со редица тенденции – од реалистички до апстрактни; и тука е присутен јазикот на симболите, а сретнуваме и рустични и архетипски форми. Сетоа тоа се изведува со разновидни традиционални материјали – од камен и бронза до дрво, или пак во новите материјали, како што е например, вештачкиот камен, па во врска со тоа имаме и појава на боена скулптура.

Цртежот со времето станува значајна и самостојна дисциплина, а го одгледуваат и скулпторите и сликарите и графичарите, постигнувајќи, особено последниве години мошне значајни резултати.

На крајот, збор-два за оваа изложба. Таа е реализирана во организација на Културно-просветната заедница на БИХ како плод на соработката помеѓу УЛУБИХ и ликовната комисија именувана од Подготвителниот одбор за Деновите на културата на БИХ во Приштина. Како основа за неа послужи овогодишната изложба на Колегиум артистикум (оддел на УЛУБИХ), дополнета со дела од изложбата „Современата уметност на Босна и Херцеговина" која Уметничката галерија на БИХ ја организира кон крајот на минатата година во Југословенскиот културен центар во Париз во рамките на Деновите на културата на БИХ во Франција. Така Алексиќ, Бербер, Лалиќ, Ликар, Њириќ, Перчинлиќ и Унковиќ настапуваат само со дела прикажани во Париз, а тоа претставува речиси третина од експонатите на оваа изложба, додека некои од излагачите, по сопствена одлука, се претставуваат со други свои дела (Хозиќ, Куќански, Кучукалиќ. Мисирлиќ, Мујезиновиќ, Нуманкадиќ, Обралиќ и Заимовиќ): во некои случаи, изборот, по сила на околностите е помалку репрезентативен, како например кај Исмар Мујезиновиќ чии понови дела се ангажирани на неговата самостојна изложба во Бања Лука. Во однос на париската изложба – на која беа изложени и дела на неколкумина автори кои живеат вон од БИХ и не се членови на УЛУБИХ – новина претставува фактот, што на оваа изложба се појавува редица млади, родени кон крајот на четириесеттите и почетокот на педесеттите години: тие ја чинат речиси третината од вкупниот број на излагачите. Тоа се, покрај веќе споменатиот Нуманкадиќ, Бијељац, Ќеримагиќ, Ѓуретиќ, Голуб, Мариќ, Пашиќ, Познановиќ, Тадиќ и Валдег, а повеќето од нив студираа во Сараево. И општо земено, со оваа изложба е опфатена главно средната, веќе афирмирана генерација и онаа најмладата, која сѐ посигурно стапува на нашата уметничка сцена. И макарштo тука недостасуваат неколку значајни имиња, нѐ радува, што Музејот на современата уметност во Скопје, по извршениот увид на материјалот, односно, по посетата на своите стручњаци на изложбата во Приштина, побара интегрално да ја прикаже во просториите на Музејот, како реципроцитет на двете репрезентативни изложби на македонската уметност што ги организира во Босна и Херцеговина (Современата македонска уметност, Уметничка галерија, Сараево, 1969; 15 современи македонски уметници, Колегиум артистикум, 1979/. Желбата ни е, нашата изложба, и покрај недостатоците, кои, во дадените околности настојувавме да ги сведеме на минимум, да послужи за што подобро меѓусебно запознавање, разбирање и зближување во обласга, во која, кога станува збор за заеднички изложби на југословенската уметност, успешно соработуваме.

Азра Бегиќ

**учесници:**

**алексиќ борислав**
**антуновиќ љупко**
**бербер мерсад**
**бијелац слободан**
**билајац ибрахим**
**ќеримагиќ мурадиф**
**дугоњиќ томислав**
**ѓуретиќ јулка**
**голуб момчило**
**илиќ лука**
**хозиќ арфан**
**кучански бошко**
**кучукалиќ алија**
**лалиќ ратко**
**ликар фрањо**
**љубовиќ ибрахим**
**мариќ мирко**
**мисирлиќ бекир**
**мујезиновиќ исмар**
**мусиќ сеад**
**нуманкадиќ един**
**њириќ никола**
**обралиќ салим**
**пашиќ нусрет**
**перчинлиќ љубомир**
**познановиќ владимир**
**пожар звонимир**
**скопљак мустафа**
**солдо младен**
**тадиќ радослав**
**унковиќ миливоје**
**заимовиќ мехмед**
**валдег петар**

**АЛЕКСИЌ БОРИСЛАВ**

Адреса: Ленинова 12а, Сараево
Роден 1936 година во Сараево.
Дипломирал на Академијата за применети уметности во Белград.
Излага од 1961 година.
Се занимава со графика.

1. Од циклусот „ПАТ ВО НИШТО", 1974, графика, комбинирана техника, 1130 x 1140 мм
2. Од циклусот „ПАТ ВО НИШТО", 1974, цртеж, комбинирана техника, 1200 x 1600 мм
3. Од циклусот „ПАТ ВО НИШТО", 1976, цртеж, комбинирана техника, 1480 x 2210 мм

**АНТУНОВИЌ ЉУПКО**

Адреса: Београдска 2, Сараево
Роден 1939 во Црниќ кај Бугојно.
Дипломирал на Академијата за применети уметности и постдипломски студии во Загреб.
Излага од 1968 година.
Се занимава со скулптура.

4. Од циклусот „Заедништво", 1979, камен

**БЕРБЕР МЕРСАД**

Адреса: Ленинова 12а, Сараево
Роден 1940 година во Босански Петровац.
Завршил Академија за ликовни уметности и постдипломски студии во Љубљана
Излага од 1961 година.
Се занимава со графика.

5. tempo secondo, 1974, графика, дрворез во боја, 1175 x 1585 мм
6. „ПУСТАЧКА УЛЕМА", 1975, графика, дрворез во боја, 1175 x 1557 мм
7. „СПРЕПНАТ КОЊ", 1979, цртеж, 1287 x 1967 мм

**БИЈЕЉАЦ СЛОБОДАН**

Адреса: Моша Пијаде 28/7, Сараево
Роден 1948 година во Сараево.
Завршил Академија за ликовни уметности во Белград.
Излага од 1972 година.

8. МРТВА ПРИРОДА, 1979, масло. 50 x 50 см.

**БИЛАЈАЦ ИБРАХИМ**

Адреса: Џемал Биједиќ 27 ц, Сараево
Роден 1930 година во Градачац.
Завршил Академија за ликовни уметности и постдипломски студии во Белград.
Излага од 1958 година.
Се занимава со скулптура.

9. ПОРТРЕТ, 1979, гипс, 35 x 25 см.

**ЌЕРИМАГИЌ МУРАДИФ**

Адреса: Ателје 44, Ластва кај Требиње.
Роден 1949 во Требиње.
Завршил Академија за ликовни уметности во Сараево.
Излага од 1969 година.
Се занимава со сликарство.

10. РАСПЕТИЕ I, 1980, акрилик, 190 x 180 см

**ДУГОЊИЌ ТОМИСЛАВ**

Адреса: Београдска 22, Бања Лука
Роден 1932 година во Кралево.
Завршил Академија за ликовни уметности во Загреб.
Излага од 1952 година.
Се занимава со сликарство и графика.

11. G-1-II, 1980, сериграфија, 100 x 80 см
12. G-2/80, сериграфија, 100 x 80 см

**ЃУРЕТИЌ ЈУЛКА**

Адреса: Браќа Рибар 69, Сараево
Родена 1952 година во Бачки Брег.
Завршила Академија за ликовни уметности во Сараево.
Излага од 1979 година.
Се занимава со скулптура.

13. ЖЕНА СО ВИКЛЕРИ, 1979, дрво, 30 x 25 см

**ГОЛУБ МОМЧИЛО**

Адреса: Благое Паровиќ 14а, Мостар
Роден 1949 година во Љубушко.

Завршил Академија за ликовни уметности и постдипломски студии на графика во Београд.
Излага од 1973 година.
Се занимава со графика и цртеж.

14. ДЕКАМЕРОН, 1979, цртеж, 25 x 25 см
15. ЗНАКОВИ, 1979, цртеж, 25 x 25 см

## ИЛИЌ ЛУКА

Адреса: Братство единство 11, Сараево
Роден 1935 година во Прибељци.
Завршил Академија за ликовни уметности и мајсторска работилница на В. Радауш во Загреб.
Излага од 1964 година.
Се занимава со скулптура.

16. Сеќавање на средбата во Бугојно 1977, 1978, камен-карара, Н. 40 см.

## ХОЗИЌ АРФАН

Адреса: Моша Пијаде 32, Сараево
Роден 1928 година во Котор – Варош.
Завршил Академија за применета уметност во Белград.
Излага од 1954 година.
Се занимава со скулптура.

17. ГОЛЕМА РИБА II, 1979, камен, полиестер, бронза, 40 x 106 x 15 цм

## КУЌАНСКИ БОШКО

Адреса: Џемал Биједиќ 78, Сараево
Роден 1931 година во Крбавица.
Завршил историја на уметноста.
Излага од 1962 година.
Се занимава со скулптура.

18. ,,ВРЕЛО БОСНЕ'', 1978, црво и коноп, 54 x 65 x 55 см
19. ИКАР ИЛИ НА САМИОТ СЕБЕ, 1971, црво, 42 x 53 x 19 см

## КУЧУКАЛИЌ АЛИЈА

Адреса: Хасан Бркиќ 16, Сараево
Роден 1937 година во Сараево.
Завршил Академија за ликовни уметности во Љубљана.
Излага од 1966 година.
Се занимава со скулптура и цртеж.

20. СКУЛПТОРОВОТО АТЕЛЈЕ, 1968, 65 x 50 см
21. ДЕНОТ И НОЌТА НА ГОСПОЃИЦАТА Г., 1968, молив, 65 x 50 см.
22. СЛУЧКА НА МАСАТА, 1968, молив, 65 x 50 см

**ЛАЛИЌ РАТКО**

Адреса: Кута бб, Високо
Роден 1944 година во Високо.
Завршил Академија за ликовни уметности и постдипломски студии во Белград
Излага од 1972 година.
Се занимава со сликарство.

23. МЕЃА, 1978, масло на платно, 126, 5 x 200 см
24. ЗИМА, 1977, масло на платно, 125 x 170,5 см
25. КОРЕНИ, 1977, масло на платно, 96 x 123 см

**ЛИКАР ФРАЊО**

Адреса: Ленинова 127 б, Сараево
Роден 1927 година во Вараждин.
Излага од 1952 година.
Се занимава со сликарство и скулптура.

26. СЕЌАВАЈКИ СЕ НА ЛЕТОТО ВО КОНСТАНТИПОПОЛ, 1979, масло, 95 x 122 см
27. НИКОЈ НЕ ЈА ЗАПОЗНА ПРАВАТА АНАСТАЗИЈА, 1979, масло, 81 x 129 см
28. КОН ИЗАБЕЛА ЧУВСТВУВАВМЕ ОСОБЕНА ПОЧИТ, 1979, МАСЛО, 98 x 126 см

**ЉУБОВИЌ ИБРАХИМ**

Адреса: Ленинова 26, Сараево
Роден во Сараево 1938 година.
Завршил Училиште за применета уметност во Сраево.
Излага од 1960 година.
Се занимава со сликарство.

29. СЛИКА СО ВЕСНИК, 1980, масло, 70 x 100 см
30. ЅИД И ВЕСНИК, 1980, масло, 70 x 100 см

**МАРИЌ МИРКО**

Адреса: Ремзија Репац 9, Зеница
Роден 1949 година во Зеница.
Завршил Академија за ликовни уметности во Сараево.
Се занимава со сликарство.

31. КРАЈ, 1979, акрилик на платно, 102 x 100 см
32. ПРИ, 1979, акрилик на платно, 100 x 100 см

**МИСИРЛИЌ БЕКИР**

Адреса: Душко Кошица 13, Бања Лука
Роден 1931 година во Бања Лука.
Завршил Педагошка академија во Сараево.
Се занимава со сликарство.
Излага од 1952 година.

33. БЕЛО И ЦРНО I, 1979, масло, 135 x 135 см
34. БЕЛО И ЦРНО II, 1979, масло, 135 x 135 см

**МУЈЕЗНОВИЌ ИСМАР**

Адреса: Ленинова 14б, Сараево
Роден 1942 година во Осиек.
Завршил Академија за ликовни уметности во Загреб и Мајсторска работилница на Крсто Хегедушиќ.
Излага од 1966 година.
Се занимава со сликарство.

35. РОМАНТИЧНО ИСЧЕКУВАЊЕ, 1970, масло, 200 x 220 см
36. ДЕН КОГА ГИ ДЕЛЕА ПИЛИЊАТА, 1980, масло, 120 x 440 см

**МУСИЌ СЕАД**

Адреса: Ленинова 58, Сараево
Роден 1943 година во Брчко.
Завршил Академија за ликовни уметности и постдипломски студии во Белград.
Излага од 1970 година.
Се занимава со сликарство.

37. НАСТРАНА, 1980, масло на платно, 100 x 130 см

**НУМАНКАДИЌ ЕДИН**

Адреса: Браќа Рибар 45, Сараево
Роден 1948 година во Сараево.
Завршил Педагошка академија во Сараево.
Излага од 1969 година.
Се занимава со сликарство.

38. БОЈА, ПРОСТОР, ВРЕМЕ I, 1979, акрилик, 100 x 70 см
39. БОЈА, ПРОСТОР, ВРЕМЕ II, 1979, акрилик, 100 x 70 см

**ЊИРИЌ НИКОЛА**

Адреса: Драга Палавестра 9/I, Мостар
Роден 1921 година во с. Љупчо кај Дубровник.
Завршил Академија за ликовни уметности во Загреб.
Излага од 1953 година.
Се занимава со скулптура.

40. КОЕГЗИСТЕНЦИЈА, 1973, дрво, 45 x 84 x 72 см
41. ЗНАК VI, 1977, дрво, 110 x 50 x 50 см

**ОБРАЛИЌ САЛИМ**

Адреса: М. Ћуѓе 10, Сараево
Роден 1945 година во Маглај.
Завршил Академија за ликовни уметности и постдипломски студии во Белград.
Излага од 1970 година.
Се занимава со сликарство.

42. ТАТКОВИОТ АЛАТ I, 1980, масло на платно, 100 x 80 см
43. ТАТКОВИОТ АЛАТ II, 1980, масло на платно, 100 x 80 см
44. СТОЛ V, 1980, масло на платно, 100 x 100 см

**ПАШИЌ НУСРЕТ**

Адреса: Сврзо Хамид 14, Сараево
Роден 1951 година во Сараево.
Завршил Академија за ликовни уметности во Сараево.
Излага од 1973 година.
Се занимава со сликарство.

45. ПРИСЛУШКУВАЊЕ НА ВРЕМЕТО II, 1979, масло, 180 x 130 см

**ПЕРЧИНЛИЌ ЉУБОМИР**

Адреса: Зенички одреди 5, Зеница
Роден 1939 година во Зеница
Завршил Академија за ликовни уметности во Белград.
Излага од 1965 година.
Се занимава со сликарство.

46. СЛИКА Д III, 1979, масло на платно, 114 x 85 см
47. СЛИКА Е I, 1979, масло на платно, 160 x 130 см
48. СЛИКА Е II, 1979, масло на платно, 160 x 130 см

**ПОЗНАНОВИЌ ВЛАДИМИР**

Адреса: Моша Пијаде 32, Сараево
Роден 1951 година во Сараево.
Завршил Академија за ликовни уметности во Белград.
Излага од 1978 година.
Се занимава со сликарство, цртеж и графика.

49. ДВИЖЕЊЕ XIV, 1979, комбинирана техника, 194 x 135 см
50. Н. ГЛАВИ. 1977/78, комбинирана техника, 140 x 100 см

**ПОЖАР ЗВОНИМИР**

Адреса: Ленинова 127б, Сараево
Роден 1934 година во Сараево.
Завршил Училиште за применета уметност.
Излага од 1959 година.
Се занимава со сликарство.

51. ПРЕДМЕТИ ВО ПЕЈЗАЖОТ, 1979, комбинирана техника, 100 x 70 см

**СКОПЉАК МУСТАФА**

Адреса: 29 ноември, Котор Варош
Роден 1947 година во Котор-Варош.
Завршил Академија за ликовни уметности во Сараево.
Излага од 1969 година.
Се занимава со скулптура

52. ФОРМА I, 1979, комбинирана техника, 20 x 70 см
53. ФОРМА II, 1979, комбинирана техника, 20 x 110 см

**СОЛДО МЛАДЕН**

Адреса: Матија Губец 56, Мостар
Роден 1927 година во Мостар.
Завршил Историја на уметноста во Загреб.
Излага од 1952 година.
Се занимава со сликарство.

54. ОД ЦИКЛУСОТ: „ЗАПИСИ ОД КАМЕНОТ I", 1979, масло, 145 x 152 см
55. Од циклусот: „ЗАПИСИ ОД КАМЕНОТ II", 1979, масло, 145 x 152 см

**ТАДИЌ РАДОСЛАВ**

Адреса: Ахмет Фетахагиќ 12, Сараево
Роден 1946 година во Сараево.

Завршил Академија за ликовни уметности во Сараево и постдипломски студии во Љубљана.
Излага од 1976 година.
Се занимава со сликарство.

56. БЕЗ НАСЛОВ, 1979, акрилик, 130 x 190 см
57. ЦРВЕНА СЛИКА, 1979, масло, 130 x 190 см

**МИЛИВОЈЕ УНКОВИЌ**

Адреса: М. Џуѓе 20, Сараево
Роден 1944 година во Невесиње.
Завршил Академија за ликовни уметности и постдипломски студии во Белград.
Излага од 1971 година.
Се занимава со сликарство.

58. БРЕГ I, 1979, масло, 160 x 175 см
59. БРЕГ II, 1979, масло, 160 x 175 см

**ЗАИМОВИЌ МЕХМЕД**

Адреса: К. Томислав 16, Сараево
Роден 1938 година во Тузла.
Завршил Училиште за применета уметност во Сараево.
Излага од 1961 година.
Се занимава со сликарство и графика.

60. АСИМИЛАЦИЈА НА УТРОТО, 1978, масло на платно, 115 x 115 см
61. СЕЌАВАЊЕ ЗА ПРОСТОРОТ, 1978, масло на платно, 115 x 115 см

**ВАЛДЕГ ПЕТАР**

Адреса: Ливањска 13, Сараево
Роден 1950 година во Травник.
Завршил Академија за ликовни уметности во Сараево и постдипломски студии на графика во Љубљана.
Излага од 1972 година.
Се занимава со графика.

62. А.Д. XI, 1979, бакропис-акватинта, 1005 x 705 мм
63. А.П. XII, 1979, бакропис-акватинта, 1005 x 705 мм,